Република Македонија

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ
НА МАКЕДОНИЈА
Број: 02-14080//2
09.10. 2007 год.
С к о п ј е

ЗАПИСНИК
од XIX -та седница на Управниот одбор на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија,

одржана на 09.10.2007 во 14.00 часот
во просториите на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Присутни членови на Управниот одбор:

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член.*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

Отсутни членови на Управниот одбор:

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател. - Отсутен поради патување на во странство*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

- Отсутен поради патување на во странство

Присутни од ФЗОМ:

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ*
- *Љатиф Аљилји, заменик на директорот*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за секторот човечки ресурси (делумно присутна)*
- *Златко Алексов, помошник на директорот за јавни набавки (делумно присутен)*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

На седницата при разгледувањето на точката 10.1 присуствуваше и д-р Жан Митрев, директор на Специјалната болница за кардиохрургија „Филип Втори“ - Скопје.

Поради отсуство на претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили, заменикот на претседателот Снежана Костадиноска Милошеска ја отвори седницата. Утврди дека на седницата присуствуваат пет членови на УО со што се исполнети условите за работење и полноважно одлучување по што го предложи следниот

П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д

-Усвојување на записникот од XVIII седница на УО одржана на 12.09.2007 и 20.09.2007 година;

1. *Информација од извршени ex ante финансиски контроли во јавните здравствени установи;*
2. *Одлука за утврдување на лого и меморандум на Фондот;*
3. *Одлука за измена на планот за јавни набавки;*
4. *Правилник за изменување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
5. *Одлука за изменување на одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
6. *Одлука за изменување на одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
7. *Приговор на решение бр. 04-12468/1 од Илиеска Блага, вработена во ФЗОМ Подрачна служба Прилеп;*

8. Разно
8.1 Барање од Специјалната болница за кардиохрургија „Филип Втори“ - Скопје;
8.2 Барање од Владата на Република Македонија за покривање на загубите на јавните здравствени установи

Лазар Трајчев предложи во дневниот ред да се вклучат и предлозите на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од радиодијагностика и Одлуката за изменување на Одлуката за усвојување на Методологија за утврдување на завршени специјалистичко консултативни стоматолошки здравствени услуги и Методологија за утврдување на цени како и Цени на завршените услуги. И на ценине утврдени со овие овие одлуки на Управниот одбор на Фондот исто како и на ценине од одлуките предложени под точка 5 и точка 6 се однесува намалувањето на цената поради намалувањето на стапката на ДДВ. Затоа би било најпогодно да се разгледуваат заедно со нив на оваа седница.

Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ овој предлог го прифатија по што едногласно го усвоија следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

-Усвојување на записникот од XVIII седница на УО одржана на 12.09.2007 и 20.09.2007 година;

1. Информација од извршени ex ante финансиски контроли во јавните здравствени установи;
2. Одлука за утврдување на лого и меморандум на Фондот;
3. Одлука за измена на планот за јавни набавки;
4. Правилник за изменување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;
5. Одлука за изменување на одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;
6. Одлука за изменување на одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;
7. Одлука за изменување на одлуката за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од радиодијагностика од точка;
8. Одлука за изменување на одлуката за усвојување на Методологија за утврдување на завршени специјалистичко консултативни стоматолошки здравствени услуги и Методологија за утврдување на цени како и Цени на завршените услуги;
9. Приговор на решение бр. 04-12468/1 од Илиеска Блага, вработена во ФЗОМ Подрачна служба Прилеп;
10. Разно
10.1 Барање од Специјалната болница за кардиохрургија „Филип Втори“ -

Скопје;
10.2 Барање од Владата за покривање на загубите на ЈЗУ

Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.

- Усвојување на записникот од XVIII седница на УО одржана на 12.09.2007 и 20.09.2007 година

Членовите на Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвоија записникот од XVIII седница.

ТОЧКА 1- *Информација од извршени ex ante финансиски контроли во јавните здравствени установи;*

Коментар на информацијата даде Ромела Поповиќ Трајкова. Таа објасни дека извештајот што се наоѓа пред членовите на Управниот одбор е трет извештај на ex ante финансиските контролори. Додаде дека Фондот има само 15 буџетски контролори и дека тие би требало да бидат во здравствената установа каде ја вршат контролата со цело работно време. Досега со нив се одржани два состанока на кои им е укажано дека битен сегмент на контролата треба да бидат јавните набавки. Пред воведувањето на ex ante финансиските контроли голем дел од јавните здравствени установи немаа изготвен план за јавни набавки а сега скоро сите имаат. Со контролите се влијае и на намалување на пропустите во планирањето и реализирањето на набавките кои беа присутни досега. Дел од овие пропусти се поради недоволни познавања од таа проблематика но има поинаку мотивирани. Информацијата се осврнува и на состојбите настанати со трансформацијата на Универзитетскиот клинички центар.

Директорот Тренкоски додаде дека висината на буџетите на скоро сите јавни здравст6вени установи е евидентно доволна за професионално работење. Може да се издвојат две работи кои го оптоваруваат нивното работење, старите долгови и неможноста да се постапува според колективните договори во однос на висината на платите. Во секој случај, резултатите од контролите се исклучително позитивни и тие за Фондот се од голема корист. Поради тоа, моја препорака до Управниот одбор е да бара и нивно зајакнување. Во однос на трансформацијата на Универзитетскиот клинички центар, предложи во наредната година Фондот да склучува договори само со клиниките а не и со Заеднички служби на клиниките. Само клиниките би требало да склучуваат договори со Заеднички служби.

Снежана Костадиноска Милошеска ги извести членовите на Управниот одбор дека состојбите утврдени во извештајот се карактеристични воопшто за јавниот сектор а не само за здравството. Министерството за финансии, како обврска што произлегува од Законот за јавна финансиска контрола подготвува правилник за вршење на контролите. Смета дека ex ante финансиските контролори треба да се во постојано во дејство. Во однос на констатираните

пропусти во јавните набавки додаде дека најчесто тие се резултат на нестручно работење.

Во однос на ова, Ромела Поповиќ Трајкова извести дека контролорите се позитивно прифатени во јавните здравствени установи и тоа токму поради нивните укажувања во насока на законито работење.

Директорот Тренкоски истакна дека според проценките на Фондот е потребно да бидат ангажирани околу 50 контролори. Сеуште е присутна дилематата дали тие треба да бидат вработени во Фондот или да останат во Јавните здравствени установи. Додаде дека успешното трансформирање на клиничкиот центар е од исклучително значење за Фондот и ќе се рефлектира на неговите трошоци. На крајот изрази задоволство од беспрекорно изведеното намалување на данокот на лекови во координација со Министерството за финансии.

Љубиша Каранфиловски изрази задоволство од информацијата. Нагласи дека информацијата прецизно ги идентификува проблемите во јавните здравствени установи и го искажа очекувањето за уште поголеми придобивки од работењето на ex ante финансиските контролори.

Борис Јосифовски ја поддрша информацијата но предложи во иднина информациите што се презентираат на Управниот одбор да бидат покуси и ослободени големиот број поединости.

Ромела Поповиќ Трајкова се заблагодари на забелешката и укажа дека карактеристика на оваа информација е постоењето на препораки и предлог мерки.

Снежана Костадиноска Милошеска предложи Фондот да ја разгледа можноста за наградување на јавните здравствени установи кои работат успешно. Потоа предложи и во јавноста да се објават констатираните аномалии во работењето на јавните здравствени установи кои се однесуваат на наплатата на партиципацијата од причина што тоа е и во интерес на осигурениците.

По ова, Управниот одбор едногласно ја усвои информацијата и донесе

***Заклучок:** Да се информира јавноста и релевантните институции за следните работи во врска со партиципацијата:*

- Правилно да се пресметува и наплатува партиципација на осигурените лица во здравствените установи согласно Законот за здравствено осигурување, Одлуката за партиципација и Програмите за здравствена заштита што ги донесува Владата на РМ, во кои е уредено и прашањето на одредени ослободувања од партиципација.

- Под итно, веднаш, да се прекине со праксата, врз основа на Одлука на УО на здравствените установи, на осигурените лица да им се наплатуваат дополнителни средства како манипулативни трошоци при прием на

осигурените лица во болниците, како и со праксата на неоснованото, спротивно на Законот наплатување на поголеми износи за медицински потрошен материјал, мали материјали, ракавици, вати итн.

- Да се прекине во здравствените установи со неоснованото, спротивно на Законот, авансно наплатување на партиципацијата на осигурените лица, пред извршувањето на здравствените услуги и

- Наплатената партиципација која согласно Законот за здравствено осигурување е приход на Фондот, да се уплатува на жиро-сметката на ФЗОМ.

ТОЧКА 2 - *Одлука за утврдување на лого и меморандум на Фондот*

Директорот Георги Тренкоски ги запозна членовите на Управниот одбор дека е потребно логото на Фондот да се заштити во бирото за заштита на индустриска сопственост и да се утврдат начините и варијантите на негово користење. За таа цел е предложена Одлука со која се утврдува ликовното решение на логото и меморандумот на Фондот и тоа во варијанта за домашна и меѓународна употреба. Заради утврдување на варијантите на користење на логото и меморандумот треба да се изготви и Книга на графички стандарди. Тоа е публикација која наменски се создава за потребите на клиентот и која претставува креативна и дизајнерска публикација во која детално се опишуваат техничките спецификации на визуелниот идентитет на правното лице. Се изработува со цел стандардизирано комуницирање на било кој елемент од визуелниот идентитет со што се зајакнува имиџот, сериозноста и професионалноста на правното лице и неговите производи и услуги.

По ова објаснување, Управниот одбор едногласно донесе

Одлука
за утврдување на изгледот на логото и меморандумот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

ТОЧКА 3- *Одлука за измена на планот за јавни набавки;*

Објаснување на предложената одлука даде помошникот на директорот за јавни набавки Златко Алексов кој бјасни дека се предлагаат три измени. Првата се однесува на потребата за набавка на книгата на графички стандарди, втората на набавка на потрошен материјал за мрежа и третата на тонери за новонабавените ласерски печатачи.

По излагањето, Управниот одбор едногласно донесе

Одлука
за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2007 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија

ТОЧКА 4- *Правилник за изменување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*

По оваа точка објаснување даде Лазар Трајчев. Тој наведе дека предложената измена се однесува на одјавување на пациентите во случај на престанок на работа на избраниот лекар во здравствената установа. Во таков случај сметаме дека е најсоодветно пациентите да бидат колективно одјавени, по што доколку повторно сакаат да го изберат истиот лекар во здравствената установа каде ќе продолжи со работа тоа ќе можат да го сторат. Со ова се согласни и од здружението на приватни лекари.

На прашањето на Снежана Костадиноска Милошеска, дали е тоа технички изводливо, односно дали нема да предизвика проблеми со пријавувањето и одјавувањето одговори дека пријавувањето и одјавувањето ќе се одвиваат непречено.

Потоа Управниот одбор едногласно донесе

Правилник
за изменување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување

ТОЧКА 5- *Одлука за изменување на одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

Лазар Трајчев објасни дека оваа одлука е предложена заради утврдување на ценине на системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со намалена висина на данокот на додадена вредност. Висината на овој данок за лековите и медицинските помагала, согласно Одлуката за дополнување на одлуката за определувања на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност е намалена од 18% на 5%.

Директорот Тренкоски предложи покрај намалувањето на ценине по овој основ, да се изврши анализа за можноста за дополнително намалување на ценине на овие производи поради зголемената конкуренција и трендот на намалување на цени што менаџментот на ФЗОМ го покажа во претходниот период.

По ова, Управниот одбор едногласно донесе

Одлука
за изменување на одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Лазар Трајчев објасни дека и на референтните цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија се однесува намалувањето на стапката на данокот на додадена вредност за чие усогласување е предложена одлуката под точка 6, а истото намалување се однесува и на Одлуката за изменување на одлуката за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од радиодијагностика од точка 7 и Одлуката за изменување на одлуката за усвојување на Методологија за утврдување на завршени специјалистичко консултативни стоматолошки здравствени услуги и Методологија за утврдување на цени како и Цени на завршените услуги од точка 8.

Управниот одбор потоа едногласно ги донесе предложените одлуки, и тоа:

ТОЧКА 6-

Одлука
за изменување на одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

ТОЧКА 7-

Одлука
за изменување на одлуката за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од радиодијагностика

ТОЧКА 8-

Одлука
за изменување на одлуката за усвојување на Методологија за утврдување на завршени специјалистичко консултативни стоматолошки

здравствени услуги и Методологија за утврдување на цени како и Цени на завршените услуги

ТОЧКА 9- *Приговор на решение бр. 04-12468/1 од Илиеска Блага, вработена во ФЗОМ Подрачна служба Прилеп;*

Слаѓана Пешевска објасни дека приговорот се однесува на правото на исплата на солидарна помош поради смрт на член на потесното семејство. Со решение на Подрачната служба Прилеп и е утврдено право на солидарна помош во висина на просечна месечна плата во Република Македонија. Според Колективниот договор пак во вакви случаи е предвидена исплата во висина на две просечни месечни плати.

И Страшо Наумоски и Снежана Костадиноска Милошеска истаканаа дека според колективниот договор, во случај на смрт на член на потесното семејство е предвидено право на солидарна помош во висина на две просечнаи месечни плати во Република Македонија.

Потоа Управниот одбор едногласно донесе

Решение

со кое се преиначува решението бр. 04-12468/1 од 21.09.2007 на подрачната служба Прилеп и се утврдува право на солидарна помош во висина на две просечни месечни плати во Република Македонија

ТОЧКА 10 - *Разно:*

10.1 *Барање од Специјалната болница за кардиохрургија „Филип Втори“ - Скопје;*

До Фондот е пристигнато барање од Специјалната болница за кардиохрургија „Филип Втори“ - Скопје во кое се бара промена во членот 11 од договорот помеѓу Фондот и болницата. Овој член се однесува на висината на буџетот на болницата и неговото распределување по квартали. Заради давање на појаснувања во врска со барањето на седницата беше поканет директорот на болницата д-р Жан Митрев.

Д-р Митрев објасни дека во Специјалната болница за кардиохрургија „Филип Втори“ - Скопје се извршуваат околу 70 операции месечно. Растот е постојан во изминатите години со исклучок на 2006 година кога од Клиниката за кардиологија пациентите не се упатуваа во Филип Втори. Буџетот на нашата болница е 4,2 милиони евра што не е доволно за покривање на потребниот број на операции. Со развојот на дијагностиката на болестите на срцето и крвните садови бројот на пациенти кај кои се утврдува потреба од кардиохируршка интервенција расте. Па така, со отворањето на новите дијагностички лаборатории проценуваме дека бројот на операции ќе се зголеми

на околу 1600 годишно. Оттаму произлегува и потребата за зголемување на буџетот на Филип Втори.

Ромела Поповиќ Трајкова ги извести членовите на Управниот одбор дека Фондот побарал податоци за цените во кардиохирургијата во регионот што ќе биде уште еден показател при формирањето на буџетот на Специјалната болница за кардиохрургија „Филип Втори“. Сеуште немаме добиено податоци.

Д-р Митрев истакана дека цените се познати и дека и тој може да го запознае Управниот одбор со нив. Наведе и дека европскиот стандард за кардиохируршки операции е 1000-1200 операции на еден милион жители. Потоа зборуваше за состојбите во кардиохирургијата во соседните и земјите од регионот, за бројот и цените на операциите во одделни земји. Заклучи со констатацијата дека кардиохирургијата во Македонија е најразвиена во регионот.

Снежана Костадиноска Милошеска запраша колкаво е барањето за зголемување на буџетот од Филип Втори.

Доби одговор дека со оглед на фактот што за девет месеци се реализирани средства од 220 милиони денари, до крајот на годината ќе бидат потребни 285 милиони, што значи дека бараното зголемување е 65 милиони денари.

Потоа по барање на Снежана Костадиноска Милошеска директорот Тренкоски даде известување за висината на буџетите на некои клиники.

Д-р Митрев го извести Управниот одбор дека основ за зголемување на буџетот постои во договорот помеѓу Фондот и Филип Втори. Според одредбите на договорот ако се зголемат потребите за операции може да се зголеми и буџетот.

Според Маријана Лончар Велкова доколку постои основ во договорот, преостанува да се пронајде извор на средства за зголемување. Таа побара и извештај од болницата за успешноста на интервенциите што се вршат во Филип Втори.

Директорот Тренкоски побара од д-р Митрев да се изјасни дали болницата Филип Втори може да изврши намалување на цените на услугите.

Д-р Митрев истакна дека цените на услугите во Филип Втори се непроменети од почетокот на работењето и дека со оглед на инфлацијата се и значително намалени. Доколку се изврши нивно дополнително намалување, услугите не ќе може да се даваат на досегашното ниво. Ако се намалат цените, ќе мора потешките случаи да се упатуваат во странство а тоа ќе предизвика доолнителни трошоци за Фондот.

Потоа Снежана Костадиноска Милошеска запраша колкави се можностите на Фондот за зголемување на буџетот на Филип Втори.

Одговор даде Ромела Поповиќ Трајкова која објасни дека секторот за финансии на Фондот работи на рабалансот на буџетот на јавните здравствени

установи. Кога тоа ќе биде готово ќе се знае дали и колку ќе може да се зголеми буџетот на Филип Втори.

Страшо Наумоски истакна дека болницата Филип Втори не ги извршува законските обврски од Законот за медицинска евиденција и документација со тоа што не ги доставува задолжителните извештаи за работењето. Значи, нам ни недостигаат релевантни податоци за работењето на Специјалната болница Филип Втори. Во Филип Втори не дозволиле стручен надзор од Министерството за здравство да влезе во просториите на болницата.

Снежана Костадиноска Милошеска предложи Фондот да му препорача на министерството да ја изврши таа контрола бидејќи Фондот не може да финансира установа која не дозволува контрола од државните органи. Потоа предложи дискусијата по оваа точка да продолжи на наредната седница на Управниот одбор кога ќе биде изготвен ребалансот на буџетите.

По ова, Управниот одбор едногласно донесе

Заклучок:

1. *За барањето за зголемување на буџетот да се дискутира на наредната седница по извршената анализа*
2. *Да се побара отчет од за работата на болницата Филип Втори*

Барање од Владата на Република Македонија за покривање на загубите на јавните здравствени установи

Директорот Тренкоски ги запозна членовите на Управниот одбор дека Фондот се наоѓа пред сериозни искушенија. Имено, од Министерството за здравство до Фондот секојдневно се упатуваат барања за расчистување на долговите на болниците до февруари 2008 година. Тоа е особено тежок товар зашто министерството ги зголеми и платите во здравството а тука се и предвидените инвестиции во здравството како и предвидените нови вработувања. Проценуваме дека за да се задоволат сите овие потреби ќе треба да се издвојат околу три милијарди денари. Ние не гледаме можност за тоа особено зашто во 2008 година ќе следува хармонизација од 50% што ќе ни ги намали приходите. Ако се зголемат платите во јавните здравствени установи единствен начин за контролирање на трошоците на Фондот е преку намалување на средствата за материјални трошоци.

Маријана Лончар Велкова додаде дека барањата од министерството се само последица на задолжувањата што за министерството произлегуваат од заклучоците донесени од Владата на Република Македонија. Фондот треба да се обрати до Владата и укажувајќи на импликациите од ваквите заклучоци да побара нивна промена. Доколку тоа не го стори единствено што преостанува е да ги примени.

Борис Јосифовски изјави дека проблемот што го истакна директорот е пресериозен за да биде разгледуван под точката разно и да се прифати ваков товар за Фондот. Додаде оти смета дека Фондот треба да се обрати истовремено до Владата и Министерството за здравство.

Снежана Костадиноска Милошеска предложи Фондот до Владата да достави информација во која образложено ќе ја извести за неможноста за спроведување на заклучокот и ризиците кои ги носи.

Останатите членови на Управниот одбор се согласија со предлогот, по што едногласно се донесе

Заклучок: *Фондот до Владата да достави информација во која образложено ќе ја извести за неможноста за спроведување на заклучокот и ризиците кои ги носи*

Управниот одбор заврши со работа во 17.30 часот.

Записничар,
Христо Трповски

Управен одбор
Заменик на Претседателот,
Снежана Костадиноска Милошеска